Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 88, 15 септември 2012 година

септември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доцент м-р Емилија Потевска, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот скрипта „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од арнолд бакс“ од доц. м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот со наслов „Наратологија“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „НАРАТОЛОГИЈА“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р РАНКО МЛАДЕНОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2402-153/16 од 61-тата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 22 мај 2012 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис „Наратологија“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, наменет за студентите од прв циклус на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, избрани се рецензентите:

– проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Луси Караниколова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како рецензенти го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот ракопис од доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „Наратологија“ како интерна скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот *Наратологија* во седмиот семестар за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 1+1+1. Приложениот ракопис на доц. д-р Младеноски е во согласност со Предметната програма за курсот *Наратологија*, а авторот на почетокот од скриптата ја нуди токму таа Предметна програма, според која и е елаборирана наставната материја во овој труд. Од понудената Предметна програма и од содржината на скриптата е очигледно дека авторот се придржувал стриктно до наставната програма предвидена за курсот по *Наратологија*.

Ракописот на доц. д-р Младеноски има вкупно 120 страници во А4 формат и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана интерна скрипта во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина скриптата е збогатена со поголем број табели кои во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на наратологијата како научна дисциплина во рамките на науката за литературата. Станува збор, имено, за скрипта што е изработена врз основа на една специфична Предметна програма од областа на наратологијата составена од предметниот наставник, доц. д-р Ранко Младеноски. Оваа скрипта ќе биде голем придонес и за македонистиката воопшто поради тоа што на полето на македонската книжевно-теориска високообразовна практика не постои идентичен наставен прирачник во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма. Токму затоа оваа интерна скрипта по наратологија од доц. д-р Младеноски се јавува како неопходен наставен прирачник што на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за структурата на книжевните наративни (раскажувачки) дела. Дотолку повеќе што при изработката на овој труд авторот консултирал бројни библиографски единици што се однесуваат на современите достигнувања во рамките на книжевно-теориската мисла, односно конкретно на наратологијата.

На почетокот од скриптата е даден еден сосема кус предговор во кој авторот ги воведува студентите во основната содржина на скриптата, а потоа се нуди деталната Предметна програма по курсот Наратологија со конкретно наведена книжевно-теориска и апликативна литература што треба да ја консултираат студентите. Материјата, пак, што се презентира во оваа интерна скрипта е систематизирана во четири дела: а) прв дел: Вовед во наратологијата; б) втор дел: Основни наративни структури; в) трет дел: Наратолошки модели; г) четврти дел: Прилози. Првиот дел се однесува на основните дефиниции за поимите „наратологија“ и „проза“, како и на позицијата на наратологијата како научна дисциплина во науката за литературата. Овде авторот посебно се осврнува на литературните родови со посебен преглед на епиката како литературен род во кој доминираат прозните книжевни форми. Во вториот дел се елаборираат фундаменталните составни елементи на прозните книжевни дела, како што се време и простор, опис и дејство, лик и актант, тематска ролја и актер, наратор, наратер и други. Во овој дел, исто така, се разгледуваат некои основни наратолошки категории како, на пример, фокализација, односно гледна точка на нарацијата, наративна трансмисија (наративен комуникациски канал) и слично. Во третиот дел од овој труд на доц. д-р Младеноски се презентираат најосновните наратолошки модели за анализа (интерпретација) на прозните книжевни дела. Станува збор, имено, за книжевно-теориски методи од поголем број светски познати проучувачи на литературните структури, односно за моделите на Владимир Јаковлевич Проп, Алжирдас Жилиен Грејмас и Ролан Барт, како и за семиолошките истражувања за книжевниот лик од страна на Филип Амон. Во четвртиот дел се прилозите (апликациите) каде што доминираат интерпретативни (аналитички) текстови за прозни книжевни дела (сказни и романи). Како што потенцира и самиот автор во предговорот, презентирањето на прилозите во форма на конкретен апликативен материјал има за цел на студентите да им се предочат практични аналитички приоди, односно да се илустрираат веќе елаборираните теориски методи од областа на наратологијата. Покрај тоа, меѓу овие прилози се нуди и еден есеистички труд со што на студентите им се сугерира онаа креативна (иновативна) слобода при практичната примена на наратолошките теориски методи. Тоа бездруго значи дека доц. д-р Младеноски во оваа скрипта мошне умешно ги искомбинирал теориските и практичните основи на наратолошката книжевно-теориска дисциплина. Покрај ова, некаде при крајот од трудот под насловот „Библиографија“ се нудат поголем број референци коишто се користени при изработката на оваа скрипта што истовремено претставува и дополнителна информација за користење на литература за оние студенти што ќе имаат желба да навлезат многу подлабоко во областа на наратологијата како спознајна дисциплина во рамките на науката за литературата. Сосема на крајот, пак, е дадена и содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од скриптата.

## З А К Л У Ч О К

При презентирањето на материјата од областа на наратологијата авторот на овој труд применува современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и сосема прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримат и да ја разберат суштината на предочената содржина од наратологијата. Од друга страна, доминацијата на структуралистичкиот и постструктуралистичкиот приод во елаборирањето на фундаменталните современи достигнувања во наратолошката мисла претставува сосема солидна педагошка, но и книжевно-теориска основа за лесно совладување на методските единици од веќе дефинираната Предметна програма по курсот Наратологија. Во таа смисла, и бројните практични примери што подразбираат интерпретација на конкретни книжевни дела за секој наратолошки сегмент во голема мера придонесуваат за разбирливоста и приемливоста на сложената теориска материја. Истата педагошка функција ја имаат и прилозите на крајот од трудот.

Од сето што е погоре предочено може да се заклучи дека трудот со наслов „Наратологија" од доц. д-р Ранко Младеноски ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензирана интерна скрипта. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронска интерна скрипта на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Проф. д-р. Луси Караниколова, с.р.**